Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по наставниот предмет ***македонски јазик за учениците од другите заедници*** за **II (втора) година** образование од средното стручно образование со четиригодишно траење.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ

***модуларно дизајнирана***

**за II година**

***Сите образовни профили / квалификации***

***Сите струки / сектори***

**Скопје, 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Македонски јазик и литература за учениците од другите заедници |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Кредитна вредност на наставната програма** | 3 (три) ЕЦВЕТ[1] кредити |
| **Струка** | Сите струки |
| **Сектор** | Сите сектори |
| **Образовен профил** | Сите образовни профили |
| **Назив и ниво на квалификација** | Сите квалификации<br><br>**IV (четврто) ниво** |
| **Година на изучување** | II (втора) |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 2/72 |
| **Цели на наставна програма** | Ученикот/ученичката:<br>- да ги продлабочи знаењата за македонскиот стандарден јазик како средство за комуникација;<br>- да се оспособи за самостојно усно и писмено изразување;<br>- да се оспособи да чита куси искази на позната и помалку позната тематика од соодветната струка;<br>- да се оспособи за разбирање, доживување и толкување на литературни и на други текстови од македонската литература;<br>- да ги развие индивидуалните способности за самостојно критичко и творечко комуницирање со литературен текст. |

[1] Закон за Националната рамка на квалификации.

| | |
|---|---|
| **Модуларни единици на наставна програма** | **1. ЈАЗИК**<br><br>**2. МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**<br><br>**3. КОМУНИКАЦИЈА** |
| **Материјално-технички и просторни услови** | Наставата се организира во училница или во кабинет а по исклучок се проследува со придружни активности кои го менуваат местото на реализацијата (институции на културата, научни институции, библиотеки, кинотеки, медиотеки итн.). |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставната програма ја реализираат лица со завршени студиски групи:<br><br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС; (поранешна група Историја на книжевностите на СФРЈ)<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик како втор главен предмет, наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности како втор главен предмет, наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и книжевност, наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Општа и компаративна книжевност, наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

| | **Модуларна единица 1: ЈАЗИК** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*** **Ученикот/ученичката може да:** |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **ИСТОРИСКИ РАЗВИТОК НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК**<br>- ги наброи историските факти за борбата за јазична самостојност на К.П.Мисирков;<br><br>- ги толкува ставовите на Мисирков за македонскиот стандарен јазик. | Погледите на Крсте Петков Мисирков за македонскиот литературен јазик | Читање и анализирање на извадоци од книгата "За македонцките работи".<br>Следење на документарен филм за Крсте Петков Мисирков.<br>Презентирање на дијалектна карта на македонскиот јазик. | 1. -ги наведе основните насокои за создавање на литертурниот јазик според Мисирков;<br>2. -изведува заклучок зошто Мисирков се залага за тие ставови за литературниот јазик;<br>3. -го анализира значењето на делото "За македонцките работи". |
| 2 | **ФОНЕТИКА И ФОНОЛОГИЈА**<br>- ги акцентира сложените зборови почитувајќи го правилото за третосложно акцентирање;<br>- прави ралика во акцентирањето на одредена група на зборови кои не се акцентираат според правилата за третосложн акцентирање. | Акцентот во сложените зборови<br><br>Отстапување од третосложното акцентирање | Вежби за акцентирање на сложени зборови.<br><br>Вежби за акцентирање со почитување на правилата за отстапување од третосложно акцентирање.<br><br>Точни/неточни искази.<br><br>Слушање на снимка со правилно и погрешно акцентирани зборови. | 1. -наведува примери на сложени зборови и ги акцентира;<br>2. -набројува случаи во кои не се применува правилото за третосложно акцентирање;<br>3. -прави разлика меѓу зборови акцентирани на третиот слог од крајот на зборот и зборови кои отстапуваат од тоа правило |
| | - ги акцентира туѓите зборови навлезени во македонскиот стандарден јазик. | Акцентот на туѓите зборови | Вежби за акцентирање на туѓи зборови.<br><br>Точни/неточни искази.<br><br>Споредба на акцентирањето на интернационализмите во македонскиот јазик и во | 1. -ги разликува туѓите зборови кои имаат различен акцент;<br>2. -идентификува туѓи зборови. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | мајчиниот јазик. | |
| | - ги изговара акцентските целости. | Акцентски целости | Вежби за акцентирање на акцентски целости.<br><br>Точни/неточни искази.<br><br>Учениците се снимаат и самооценуваат при читање на текст во кој има акцентски целости. | 1. -ја препознава акцентската целост;<br>2. -правилно ја изговара акцентската целост: |
| **3** | **МОРФОЛОГИЈА**<br>- ги препознава придавките во реченицата;<br>- ги употребува придавките во реченицата;<br>- гради реченици во кои употребува придавки; | Придавки (граматички категории кај придавките, степенување кај придавките) | Вежби за препознавање на придавки во даден текст или реченици.<br>Вежби преку кои ќе ги разликува придавките од другите менливи зборови.<br>Вежби за согласување на придавките со именките по род, број и определеност.<br>Конструира реченици со придавки.<br>Вежби за степенување на придавките.<br>Вежби со повеќечлен избор.<br>Дополнување на реченици со соодветна придавка.<br>Точни/неточни искази. | 1. - прави разлика помеѓу придавка и другите видови зборови;<br>2. - ги разликува граматичките категории кај придавката;<br>3. - прави согласување на придавките со именките по род, број и определеност;<br>4. – ги степенува придавките. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - ги разликува заменките од другите видови на зборови;<br>- ги класифицира видовите на заменки (лични, лично-предметни, показни): | Заменки (лично, личнопредметни и показни заменки) | Вежби за препознавање на заменки во даден текст или реченици.<br>Вежби преку кои ќе ги разликува заменките од другите менливи зборови.<br>Конструира реченици со заменки.<br>Вежби со повеќечлен избор.<br>Дополнување на реченици со соодветна заменка.<br>Точни/неточни искази.<br>Графички приказ на видовите заменки. | 1. - ги идентификува видовите заменки;<br>2. - гради реченици со заменки. |
| | - ги разликува броевите како зборови што означуваат количество;<br>- искажува точна и приближна бројност. | Броеви | Вежби за препознавање на броеви во даден текст или реченици.<br>Вежби преку кои ќе ги разликува броевите од другите менливи зборови.<br>Конструира реченици со броеви.<br>Вежби со кои ќе ги разликува броевите за приближна од броевите за точна бројност.<br>Вежби со повеќечлен избор.<br>Дополнување на реченици со соодветн број.<br>Точни/неточни искази. | 1. – идентификува броеви во реченици;<br>2. – прави разлика помеѓу броеви со точна и приближна бројност. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - ги употребува сврзниците меѓу зборовите и меѓу дел-реченици во сложената реченица. | Сврзници | Вежби за препознавање на сврзници во даден текст или реченици.<br>Вежби преку кои ќе ги разликува сврзниците од другите неменливи зборови.<br>Конструира реченици со сврзници.<br>Вежби со кои ќе ги разликува простите од сложените сврзници.<br>Вежби со повеќечлен избор.<br>Дополнување на реченици со соодветен сврзник.<br>Точни/неточни искази. | 1. – дефинира функција на сврзник;<br>2. – пронаоѓа сврзници во текст;<br>3. – гради примери со сврзници. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - ја препознава функцијата на прилозите во македонскиот стандарден јазик;<br>- ги разликува видовите на прилози (за време, место начин и количество). | Прилози (за време, место начин и количество) | Вежби за препознавање на прилозите во даден текст или реченици.<br>Вежби преку кои ќе ги разликува прилозите од другите неменливи зборови.<br>Конструира реченици со прилози.<br>Вежби со кои ќе ги разликува различните видови прилози.<br>Вежби со повеќечлен избор.<br>Дополнување на реченици со соодветен прилог.<br>Точни/неточни искази.<br>Изработка на графикони и визуелно прикажување на прилозите. | 1. – набројува прилози со различно значење;<br>2. – гради  реченици со примена на соодветен прилог. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - ги употребува предлозите со нивното вистинско значење;<br>- образува реченици со употреба на предлози;<br>- ги употреби извиците во говорот;<br>- ја знае функцијата на извиците. | Предлози, извици | Вежби за препознавање на предлози и извици во даден текст или реченици.<br>Вежби преку кои ќе ги разликува предлозите и извиците од другите неменливи зборови.<br>Конструира реченици со предлози и извици.<br>Вежби со повеќечлен избор.<br>Дополнување на реченици со соодветен предлог и извик.<br>Точни/неточни искази. | 1. – го дефинира значењето на предлозите и извиците во македонскиот јазик;<br>2. – набројува значења на одредени предлози;<br>3. – споредува функција на предлозите и извиците во македонскиот јазик со мајчиниот јазик. |
| 4 | **СИНТАКСА**<br>- ги разликува речениците кои содржат атрибут и апозиција;<br>- конструира реченици со атрибут и апозиција. | Второстепени реченични членови (атрибут и апозиција) | Вежби за препознавање на реченици кои содржат атрибут и апозиција Пишување на реченици со атрибут и апозиција со соодветна терминологија од струката.<br>Вежби со повеќечлен избор.<br>Вежби со дополнување на реченици со додавање на атрибут и апозиција.<br>Точни/неточни искази. | 1. – ги препознава речениците кои содржат атрибут и апозиција;<br>2. – конструира реченици со атрибут и апозиција;<br>3. – прави разлика меѓу речениците кои содржат атрибут и апозиција; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - разликува реченици со директен од реченици со индиректен предмет. | **Директен и индиректен предмет** | Вежби за откривање на директен и индиректен предмет во реченицата. | 1. – дефинира што е директен, а што индиректен предмет;<br>2. – конструира реченици со директен и индиректен предмет;<br>3. – го определува директниот и индиректниот предмет во реченица. |
| | - разликува реченици со разни додатоци на прирокот. | **Додатоци на прирокот (за време, место, начин, количество и цел)** | Вежби за препознавање на реченици кои содржат додатоци на прирокот за време, место, начин, количество и цел<br>Пишување на реченици кои содржат додатоци на прирокот за време, место, начин, количество и цел<br>Точни/неточни искази | 1. – ги препознава речениците кои содржат додатоци на прирокот (за време, место, начин, количество и цел);<br>2. – конструира реченици со додатоци на прирокот (за време, место, начин, количество и цел);<br>3. – прави разлика помеѓу речениците со додатоци на прирокот (за време, место, начин, количество и цел) |
| | | **Две писмени работи (6 часа)** | | |

| | Модуларна единица 2: МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење**<br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*** <br>**Ученикот/ученичката може да:** |
| **1** | **РОМАНТИЗМОТ И ПРЕРОДБАТА КАЈ МАКЕДОНСКИОТ НАРОД**<br><br>-наведува карактеристики за собирачката дејност и авторите и делата од периодот на романтизмот и преродбата;<br><br>-прави разлики помеѓу текстовите од просветителството и од романтизмот;<br><br>-ги анализира тематско-идејните одлики на текстовите;<br><br>-користи поголем фонд на зборови. | Појава и особености на просветителството во Македонија (1 час)<br>Јордан Хаџи Константинов – Џинот<br><br>Собирачи на македонското народно творештво: Димитар Миладинов (Зборникот на Миладиновци); Кузман Шапкарев<br><br>Константин Миладинов: “Т’га за југ”, “Бисера”<br><br>Рајко Жинзифов: “Прошедба”<br><br>Григор Прличев: “Сердарот” | Самостојно читање на текстови.<br><br>Споредба на текстови од постар период.<br><br>Проследување на аудио и видео записи за преродбениците.<br><br>Споредба на дел од преведеното творештво на својот мајчин јазик.<br><br>Пишување на сопствени импресии за делата.<br><br>Дискусија.<br><br>Пребарување на материјали и нивна систематизација за составување на презентација. | 1. - ги набројува авторите и делата од периодот;<br><br>2. - препознава мотив и идеја;<br><br>3. - дава преглед на авторите и делата од периодот;<br><br>4. - анализира и толкува содржини на текстовите. |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | **МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА ПРИ КРАЈОТ НА IX ВЕК И ПОЧЕТОК НА XX ВЕК**<br>- наведе карактеристики на македонската литература при крајот на IX век и почетокот на XX век. | Појава, особености и главни претставници (1 час) | Вежби за откривање на карактеристиките и претставниците. | 1. - ги набројува карактеристиките на македонската литература при крајот на IX век и почетокот на XX век;<br>2. - ги наведува претставниците на македонската литература при крајот на IX век и почетокот на XX век. |
| | - ја анализира улогата и значењето на: Марко Цепнков и Војдан Чернодрински. | Марко Цепенков<br><br>Војдан Чернодримски | Читање на приказни од М.Цепенков по избор на наставникот.<br>Читање на извадок од драмата на В.Чернодрински („Македонска крвава свадба“).<br>Раскажување на прочитаните извадоци од делата.<br>Прераскажување на прочитаните извадоци од делата со парот или во група.<br>Одговарање напрашања преку пребарување на одговорот во текстовите.<br>Играње улоги | 1. - ги наведува био – библиографските податоци за: Марко Цепенков и Војдан Чернодримски;<br>2. – го разбира значењето на Марко Цепенков како собирач на народно творештво;<br>3. – го открие местото и улогата на Војдан Чернодрински во создавањето на македонската драмска литература. |
| | | Лектири:<br>Две дела од македонски автори перид ( Марко Цепенков “Силјан Штркот”, Македонски народни песни)<br>(2 часа) | | |

| | Модуларна единица 3: КОМУНИКАЦИЈА | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење**<br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување[*]**<br>**Ученикот/ученичката може да:** |
| **1.** | **РАЗГОВОР**<br>- разговара на слободна или зададена тема;<br>- активно слуша, издвојува и класифицира информации и идеи според барањата;<br>- препознава вистинска информација;<br>- учествува во комуникација со свој став;<br>- почитува комуникациски бон-тон;<br>- прави разлика на улогата на говорителот (известувач. сведок, раскажувач);<br>- дава конемтар за актуелна тема. | Слушање<br><br>Говорење<br><br>Разговор<br><br>Дискусија<br><br>Коментар | Вежби за активно слушање.<br><br>Вежби за совладување на трема и јавно говорење.<br><br>Видео материјали за проценка на добар и лош говорник.<br><br>Разгледување и пишување на различни видови на коментари низ медиумите.<br><br>Самооценување на изнесен коментар.<br><br>Анализа на јазикот во коментарите. | 1. – издвојува барани елементи од говор или текст;<br>2. – класифицира презентирани информации по зададени критериуми;<br>3. – поставува отворени прашања во разговор;<br>4. – гради и брани свој став во дискусија;<br>5. – избира соодветна лексика, факти и аргумени. |

[*] Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | **ПИШУВАЊЕ**<br>- пишува порака;<br>- пишува кратки текстови: молба, жалба, понуда, барање | Поракаа<br><br>Пишување на текстови со практична намена – молба, жалба, понуда, барање | Вежби за испраќање на посредни и непосредни пораки.<br>Вежби за пишување на порака и разбирање на добиената порака.<br>Вежби за пишување на молба.<br>Вежби за пишување на жалба.<br>Вежби за пишување на понуда.<br>Вежби за пишување на барање. | 1. – состави порака;<br>2. – пронаоѓа скриена порака;<br>3. – состави молба, жалба, понуда, барање со почитување на нивните специфични форми;<br>4. – ги препознава различните текстовите со практична намена (молба, жалба, понуда, барање);<br>5. – ги разликува текстовите со практична намена (молба, жалба, понуда, барање) со почитување на нивните специфични форми. |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | Вреднувањето на резултатите е задолжително и се одвива според законските норми. Напредувањето и оценувањето на учениците постојано се следи и се врши континуирано во текот на наставата, со обид на учениците оценувањето да им ја покаже реалната состојба во нивните знаења со што ќе се стимулираат за нивно перманентно продлабочување. Согласно природата на програмата по предметот Македонски јазик за учениците од другите заедници оценувањето може да се реализира преку усна и писмена форма, со презентација на соодветни проектни задачи, трудови и слично.<br>Усниот инструмент се состои од одговори на прашања, поставување (ученички) прашања, презентации, самостојно изложување на доживувања и сфаќања, ставови и судови.<br>Пишуваниот инструмент ќе претпочита писмени работи, писмени вежби, објективни тестови на знаења, тестови на способности.<br>Оценувањето се врши по определена тема, во текот на тромесечјето, полугодието и крајот на годината.<br>За учениците кои покажуваат вонреден интерес и успех задолжително се организира додатна настава.<br>За учениците кои не ги усвојуваат во задоволителна мера знаењата, задолжително се организира дополнителна настава.<br>Ученикот се оценува со бројчана оценка. |
| **Литература и други извори** | Учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење. |

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | **Учебна 2020/2021 година** |
| **Институција/ носител на програмата** | **Биро за развој на образованието (БРО)** |
| **Потпис и датум на донесување на наставната програма** | **бр.** 13-11378/41<br>04-10-2019 **година**<br><br>**МИНИСТЕР,**<br>**Dr. Arbër Ademi** |
| **Датум на ревизија** | |